**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

Бр. 03 - 37

Скопје 06.05.2019г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Предмет: Одговор на претставка

Почитуван,

Во врска со Вашата претставка (наш арх. бр. 03-37 од 03.05.2019 година), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши вонреден надзор врз изданието на емисијата „Правда и неправда", емитувано на програмскиот сервис ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје на 16 април 2019 година, како и врз самопромотивната најава за оваа емисија.

Притоа, беше утврдено дека во емисијата двајцата соговорници имаа доволно време да ги изнесат своите аргументи и контрааргументи и да покажат печатени докази – секој во прилог на својот став за прашање за кое очигледно не можат да се согласат и кое, како што е кажано во емисијата, е предмет на кривична пријава и пријава до Управата за финансиска полиција.

Во самопромотивната најава се застапени ставовите на двете страни во емисијата, иако во еден момент се прејудицира дека станува збор за измама – што како што покажува емисијата, надлежните органи допрва треба да го испитаат. На ваков начин се доведува во прашање почитувањето на начелото за пресумпција на невиност од член 61 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Поради ова, 1ТВ беше информирана за пристигнатата претставка и потсетена дека начелата за вршење на дејноста треба доследно да се почитуваат во сите содржини што се емитуваат, вклучувајќи ги и самопромотивните најави за емисиите.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

.............................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ